РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 29-2876/1
06.09. 2019 год.
КРИВА ПАЛАНКА

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.199/14; 44/15; 193/15; 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на општината Крива Паланка ги известува правните и физичките лица дека се распишува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за доставување на иницијативи за изработка на урбанистички планови за третиот квартал во 2019 година**

Јавниот повик се распишува согласно член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр. 199/14; 44/15; 193/15; 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) во третиот квартал од 2019 во период од 07.09.2019 година до 07.10.2019 година.

- Во горенаведениот период сите заинтересирани правни и физички лица можат да доставаат иницијативи за донесување на нов урбанистички план или изменување и дополнување на постоечки урбанистички план;
- Јавниот повик ќе трае од 07.09.2019 година до 07.10.2019 година сметано од денот на објавата во дневниот весник „Нова Македонија“;
- Јавниот повик ќе биде објавен на веб страната на општината Крива Паланка, на огласната табла во општината Крива Паланка, во информацискиот систем е-урбанизам, во дневниот весник „Нова Македонија“ и преку објава во службено гласило на општината Крива Паланка.
- Заинтересираните правни и физички лица иницијативите можат да ги доставаат во писмена форма преку архивата на општината Крива Паланка до одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам во горенаведениот рок.
- Комисијата за урбанизам при општината Крива Паланка во рок од 15 работни дена од истекот на рокот за доставување на иницијативите ќе одлучи по секоја поднесена иницијатива и ќе го извести подносителот на иницијативата за прифаќање, односно неприфаќање на истата со образложение во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма;
- Прифатените иницијативи од јавниот повик ќе бидат вградени во годишната Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општината Крива Паланка.

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Борјанчо Мицевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА